ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Сектор за урбанизам и градежно земјиште
БР. 28-3/1973-3 од 20.11.2025 год.

Во врска со предметот бр.28-3/1973 од 06.05.2025 година кој се однесува на оттуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија ја даваме следната:

## С Л У Ж Б Е Н А   Б Е Л Е Ш К А

1. Според Изводот од план со бр. 1043/2025 од **ДУП Детален Урбанистички План за Градска Четврт С 26 Блок 01 Општина Гази Баба (донесен со Одлука на Совет на Општина Гази Баба бр. 9-106/3 од 08.01.2025 год.)** издаден од Општина Гази Баба под бр. 28-3/4668-2 од 19.11.2025 год. формирана е ГП 1.2 / КП 6/4 КО Маџари со намена Г3-Сервиси.

   Согласно Одлука за утврдување на зони на градежно земјиште по подрачјето на Општина Гази Баба за спроведување на постапки согласно Законот за градежно земјиште (Службен гласник на Општина Гази Баба бр. 3/2012) **подрачјето е ~~централно~~/вонцентрално/~~населено~~ и ~~вонначелено~~ место.**

2. Геодетскиот елаборат за геодетски работи за посебни намени за нумерички податоци со бр. 0801-299/3/25 од 30.04.2025 година изработен од ГЕО ПОИНТ ДООЕЛ Скопје **е изработен** согласно Изводот од план со бр. 380/2025 за ГП 1.2 / КП 6/4 КО Маџари, издаден од Општина Гази Баба под арх.бр. 28-3/1812-2 од 24.04.2025 година.

3. Податоците за градежната парцела во списокот на податоците за формирање на градежна парцела во Геодетскиот елаборат за геодетски работи за посебни намени за нумерички податоци со бр. 0801-299/3/25 од 30.04.2025 година изработен од ГЕО ПОИНТ ДООЕЛ Скопје **се во согласност** со графички прилог- скица за извршено спроедување.

Констатација:

Од урбанистички аспект **не постојат пречки** за оттуѓување на предметното градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија.

Изработиле:
Катерина Велков, диа
Марина Митиќ Трајковски, диа
Сања Нешовска, дги